РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 70-тата седница одржана на 09.06.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по пријавата со број 12-671/1 од 31.01.2020 година, **СЕ ЗАПИРА.**

До Влада на РСМ да се достави препорака за раскинување на склучениот Договор за финансиска поддршка на инвестиции, заведен под арх. бр. /// од /// година, бидејќи истиот е склучен спротивно на неговата економска суштина.

До Управа за финансиско разузнавање на РСМ да се достави иницијатива за вршење надзор над работењето на засегнати страни, со укажување за начинот на склучување на договорот, водењето на стечајната постапка на /// и потеклото на капиталот на ///, /// и ///.

Предметот со број 12-671 од 2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-671/1 од 31.01.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///, преку овластено лице /// (во понатамошниот текст: подносителот). **Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за несовесно постапување и злоупотреба на службената положба и овластувања на повеќе службени лица – неименувани носители на јавни функции, кои извршиле незаконско влијание, т.е. овозможиле на трговското друштво /// (во понатамошниот текст: ///) да склучи договор за финансиска поддршка на инвестициите**, кое што се јавувало како основач на /// (///, во понатамошниот текст: ///) заедно со /// (во понатамошниот текст ///), регистрирано во ///. Се наведува дека финансиските средства кои се наменети за ///, служат за откуп на материјални средства од ///, како правно лице кое се соочува со потешкотии во деловното работење, за што била отворена стечајна постапка, која била окончана со правосилен план за реорганизација, предложен од ///. Оттаму, подносителот отвара дилема за тоа дали доделената финансиска поддршка од Владата на РСМ е со цел да се искористи за приватни цели, со оглед дека /// се јавува како основач и на ///. Наведено е дека во текот на стечајната постапка на ///, /// ги откупил побарувањата

по кредити од ///, /// и ///, кои се иницијалните подносители на барањето за отворање стечајна постапка на ///, а на друга заинтересирана страна – трговско друштво /// не му било дозволено да учествува во стечајната постапка. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази како поткрепа на наводите.

По увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК се обрати со барање за надлежно постапување до Министерство за економија на РСМ, со цел да испита дали во текот на постапката за доделување на договорот за финансиска поддршка на инвестициите на ///, постоел судир на интереси кај службени лица кои постапувале по предметот. Во одговорот на министерство, по барањето на ДКСК беше наведено дека во конкретниот случај, одговор на поставените дилеми, треба да се бара од Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата на РСМ, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, ///.

ДКСК се обрати до кабинетот на горе наведеното службено лице, од каде доби одговор дека, /// **добил договор за финансиска поддршка на инвестициите согласно со постапката уредена во чл. 37 – 39 од Законот за финансиска поддршка на инвестиции**[1].

***Инаку, според овие законски одредби, постапката за доделување финансиска поддршка ја води Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РСМ (во понатамошниот текст: Агенцијата), која по спроведената административна проверка, подготвува писмен извештај за компании кои исполнуваат услови за доделување финансиска поддршка. Овој извештај, потоа Агенцијата го доставува до ад-хок комисија формирана од Владата на РСМ. Ад-хок комисијата дава позитивно мислење по однос на доставениот писмен извештај од Агенцијата, по што Агенцијата изготвува предлог договор за финансиска поддршка, а Владата на РСМ донесува одлука за согласност. Договорот за финансиска поддршка потоа го потпишува овластено лице од страна на Владата на РСМ.***

На /// година, /// поднел барање во Агенцијата[2], за поддршка на инвестиција оквалификувана под мерката бр. 6 – Поддршка за откуп на материјални средства од деловни субјекти во потешкотии.

Агенцијата по извршената административна проверка за исполнетост на условите го доставила барањето на /// **до ад-хок комисијата, која дала негативно**

[1] "Службен весник на РМ" бр. 83/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 98/19 и 124/19.

[2] Заведено под арх. бр. ///.